# ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

[redacted]

Арх.бр. 04-582/8

Дата: 01.09.2023 год.

Република Северна Македонија
Општина Демир Капија

ул. " 11 ти Октомври" бб
Демир Капија

Тел. (043) 364 100
Факс. (043) 364 133
Е-пошта: opstinadk@yahoo.com
www. opstinademirkapija.gov.mk

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници (,,Службен весник на Република Македонија" бр.27/14,бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20,215/21 и 99/22), Секретарот на Општина Демир Капија ја донесе следната

## О Д Л У К А

**за избор на кандидат на административен службеник за унапредување по интерен оглас во општина Демир Капија**

**1.** Административниот службеник **ДАНИЕЛА ТРАЈКОВА**, по пат на интерен оглас се избира за кандидат за унапредување во Општина Демир Капија на работно место **УПР0101В03000 Соработник за општи работи од областа на канцелариско и архивно работење и информативни контакти со граѓани**, Одделение за нормативно-правни работи, Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи.

**2.** Именуваната ќе биде унапредена на работното место од точка 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на одлуката.

**3.** Одлуката за избор ќе се објави на веб страницата на Општина Демир Капија.

**О б р а з л о ж е н и е**

На интернет страницата на Општина Демир Капија и на Агенцијата за администрација од ден 16.08.2023 година објавен е Интерен оглас бр.01/2023 за унапредување на административен службеник (1) извршител во Општина Демир Капија.

Со Решение бр.04-582/5 од 23.08.2023 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција за унапредување по интерен оглас во општина Демир Капија.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас, бр.04-582/6 од 31.08.2023 година.

Согласно Записникот бр.04-582/7 од 31.08.2023 година, од спроведеното интервју и финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлогот за избор на прво рангираниот кандидат, за работното место Соработник за општи работи од областа на канцелариско и архивно работење и информативни контакти со граѓани, Одделение за нормативно-правни работи, Сектор за нормативно-правни работи, јавни дејности и општи работи, Секретарот на Општина Демир Капија изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство**: Против оваа Одлука за избор може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Демир Капија.

Општина Демир Капија
Секретар,
Благој Јовановски